# ПЛАН И ПРОГРАМА ЗА СУПСПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈА ПО ЗАВИСНОСТИ

| **Област на супспецијализација** | **Зависности** |
|---|---|
| **Звање со кое се стекнува по завршување на супспецијалистичкиот испит** | **Супспецијалист по зависности** |
| **Траење на супспецијализацијата** | **2 години (24 месеци)** |

Програмата се состои во главно од две компоненти :

1. Теориско/дидактичнка компонента (предавања и консултации)

2. Клиничка компонента (турнуси и прикази на случаи)

Во реализацијата на оваа програма ќе бидат вклучени следните институции :

1. Психијатриска болница „Скопје”, оддел за превенција и третман на злоупотреба и зависност од droги и други психоактивни супстанции
2. Психијатриска болница „Скопје”, оддел за прием дијагностика и третман на зависност од алкохол
3. Психијатриска болница „Скопје”, дневна болница за превенција и третман на злоупотреба и зависност од алкохол
4. ЈЗУ Уклиника за Психијатрија, одделение за деца и младинци
5. ЈЗУ Уклиника за Психијатрија,одделение за биолошка психијатрија
6. Клиника за Ургентна медицина и токсикологија

**Теоретско дидактичниот курикулум се препорачува да биде составен од :**

**А. Зависности предизвикани од супстанца**

1. Психобиологија и фармакологија на зависности
2. Третман на растројства предизвикани од употреба на супстанца
3. Коморбидни психијатриски и соматски состојби
4. Вештини на советување
5. Скрининг, проценка, план за третман и документирање
6. Управување со случај
7. Интервенции во криза

8. Етика

**Б. Бихејвиорални зависности**

1. Коцка
2. Видео игри
3. Проблематична употреба на интернет
4. Коморбидни психијатриски растројства
5.

**В. Превенција, рана детекција и интервенција**

1. Стратегија за превенција базирана на докази
2. Превенција во училиште според меѓународни стандарди
3. Превенција во семејство според меѓународни стандарди
4. Превенција на работно место

**Практичниот дел од програмата ги опфаќа следните турнуси и времетраење :**

1. Психијатриска болница „Скопје”, оддел за превенција и третман на злоупотреба и зависност од дроги и други психоактивни супстанции-дневна болница

   **10 месеци**
2. Психијатриска болница „Скопје”, оддел за превенција и третман на злоупотреба и зависност од дроги и други психоактивни супстанции-амбуланта

   **2месеци**

3. Психијатриска болница „Скопје”, оддел за прием, дијагностика и третман на зависност од алкохол

   **1 месец**
4. Психијатриска болница „Скопје”, дневна болница за превенција и третман на злоупотреба и зависност од алкохол

   **1 месец**
5. ЈЗУ Уклиника за Психијатрија, одделение за деца и младинци

**2 месеци**

6. ЈЗУ Уклиника за Психијатрија, одделение за биолошка психијатрија

**1 месец**

7. Клиника за Ургентна медицина и токсикологија

**1 месец**

**------------------------**

**Вкупно 18 месеци**

Интеграција на теоретските знаења и практичните искуства поминати во текот на турнусите и предавањата ќе биде спроведена низ изработка на семинарски трудови – **Психијатриска болница „Скопје”, оддел за превенција и третман на злоупотреба и зависност од droги и други психоактивни супстанции**

**6 месеци**

**ИЗРАБОТКА НА СЕМИНАРСКИ ТРУДОВИ ОД ОБЛАСТА НА :**

1. Психобиологија и фармакологија на зависности
2. Третман и грижа на лица со растројства предизвикани од употреба на супстанца
3. Коморбидни психијатриски и соматски состојби
4. Вештини на советување
5. Скрининг, проценка, план за третман и документирање
6. Управување со случај
7. Интервенции во криза
8. Етика
9. Бихејвиорална зависност
9. Превенција

**ПОЛАГАЊЕ КОЛОКВИУМИ :**

1. Психобилогија и фармакологија на зависности
2. Коморбидни состојби

3. Интервенции во криза
4. Третман на растројства предизвикани од употреба на супстанца и бихејвиорална зависност

**ЕВАЛУАЦИЈА**

1. **Општи аспекти**

   а. Евалуацијата треба да се темели врз основа на објективни показатели на знаењето, грижата за пациентите, комуникациските вештини, професионалноста и емпатиските квалитети.

   б. Евалуацијата како и стручното водење на специјализантот се обезбедува со назначување ментор при отпочнување на суспецијализацијата, кој има задача да го следи развојот, едукацијата, ангажманот на едукантот и да ја насочува неговата работа, да ги следи постигнатите резултати и да води евиденција.

   ц. Суспецијализантот во тек на изведување на суспецијализцијата треба да има на располагање можности за работа, редовен контакт со својот ментор, можности за консултација, пристап до интернет, списанија и книги од релевантните области.

2. **Евалуациски компоненти :**

   А. Континуирана работа во тек на клиничкиот турнус на едукантот водена од ментор кој го супервизира и насочува ангажманот во договор со раководителот на одделот на кој специјализантот престојува.

   Б. Презентација на случаи подготвени од едукантот во рамки на одделот, како и на редовните презенатции пред менторот и останатите учесници во едукацијата.

   В. Стручни презентации на теми од областа која се посочува со најнови истражувања при што е користен интернет, нови списанија, книги.

   Г. Подготовка на семинарски трудови

   Д. Полагање колоквиуми од наведените области

   Ѓ. Сите аспекти на евалуацијата треба да бидат евидентирани во специјализантска книшка која за таа цел ја води самиот едукант како и неговиот ментор.

   Е. Полагање на завршен испит пред тројца наставници со увид во неговото ангажирање во текот на турнусите. Комисијата е составена од

три члена, согласно правилникот за супспецијализација на Медицинскиот факултет.
Ж. Изборот на наставници во испитната комисија е во надлежност на Катедрата.
З. Успехот на кандидатот се оценува со ,,положил,,
Ѕ. После успешно завршениот супспецијалистички испит кандидатот се стекнува со звање **Супспецијалист по зависности,** со што се потврдува дека кандидатот е способен за супспецијалистичка дејност и дека стекнал услови за добивање Лиценца за самостојна работа од областа на зависности.